**УНИ Банка**
Универзална Инвестициона Банка

Врз основа на член 86 од Законот за банки и член 93 став 3 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Собранието на Банката на ден 11.01.2019 година, донесе:

# О Д Л У К А

## за измена и дополнување на Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје

Се врши измена и дополнување на Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, како следи подолу:

**Член 1**

Членот 63 се менува и гласи:
„Одборот за управување со ризици се состои од 5 (пет) члена од кои 2 (два) члена се бираат од членовите на Управен одбор, 1 (еден) член на Одборот е Главниот Директор за ризици, 1 (еден) член на Одборот е Директорот на Дирекција трежри и 1 (еден) член на Одборот е Директорот на Дирекција Банкарство за население."

**Член 2**

Во членот 69 став 2, бројот „3„ се заменува бројот „4„ и зборот во заградата „(три)", се заменува со зборот „(четири)".

**Член 3**

Во член 72 ставот 6, се менува и гласи:
„Управниот одбор полноважно работи ако на седницата на одборот се присутни мнозинството од вкупниот број на негови членови, а одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на присутни членови."

Во членот 72 се додава нов став 8, кој гласи:
„Управниот одбор може да работи и одлучува и на седница, организирана со користење на конференциска телефонска врска или со користење на друга аудио и визуелна комуникациска опрема, со тоа што сите членови кои учествуваат на така организирана седница можат да се слушаат, да се гледаат и да разговараат еден со друг. Учеството на ваквата седница се смета за присуство и лично учество на членовите кои се вклучени на овој начин."

Во член 72, ставот 8 станува став 9.

**Член 4**

Членот 72-а, се менува и гласи:

Помеѓу членовите на Управниот одбор на банката постои поделба на надлежностите и одговорностите, и тоа на следниот начин:

- Главниот Извршен директор е одговорен за Дирекција Маркетинг и реклама, Дирекција Небанкарски дејности, Дирекција Човечки ресурси, Дирекција Правни работи, Служба за контрола на усогласеност со прописи и спречување перење пари и финансирање тероризам;
- Еден Извршен директор е одговорен е за Дирекција Корпоративно банкарство, Дирекција Картично работење и Дирекција Платни системи и Дирекција Односи со стратешки клиенти и продажба;

- Еден Извршен директор е одговорен за Дирекција Финасии и сметководство, Дирекција Информатички технологии, Дирекција Кредитна администрација, Дирекција Трежри, Дирекција Управување со ризик, Дирекција Управување со проблематични пласмани и Дирекција Кредитен центар;

- Еден Извршен директор е одговорен за Дирекција Банкарство за население и Дирекција Мрежа на експозитури.

**Член 5**

Членот 81-а став 1 се менува и гласи:

„Кредитниот одбор е составен од 6 (шест) члена, и тоа 2 (два) члена од членовите на Управен одбор, 1 (еден) член е Главниот Директор за ризици, а останатите 3 (три) члена се бираат од организациони единици на банката и тоа од Дирекција Корпоративно банкарство, Дирекција Управување со ризик и Дирекција Правни работи.

**Член 6**

Членот 83 став 4 се менува и гласи:

„Главниот директор за ризици раководи со Дирекцијата Управување со ризик и Дирекцијата Управување со проблематични пласмани, а за својата работа одговара пред Извршниот директор во чија надлежност се соодветните дирекции.".

**Член 7**

Останатите одредби од Статутот на Банката остануваат непроменети.

**Член 8**

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

**Член 9**

Стручната служба на Банката, да изготви пречистен текст на Статутот.

**О б р а з л о ж е н и е**

Членовите на Надзорниот одбор беа информирани дека измените и дополнувањата на Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје се вршат заради:

- потребата за зголемување на бројот на членови во Одборот за управување со ризици, а во насока на зајакнување на корпоративното управување на Банката;
- потребата од проширување на составот на Управниот одбор на Банката, со уште еден член-Извршен директор, со цел поефикасна контрола и управување на Банката, во следењето на нејзиниот континуиран позитивен раст;
- регулирање на нова поделба на надлежностите помеѓу членовите на Управен одбор на Банката.

наш број:0201/6-1
11.01.2019 година

СОБРАНИЕ
ПРЕТСЕДАВАЧ